Митко КОТОВЧЕВСКИ

# КОНГРЕСНАТА КОНТРОЛА ВРЗ РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА САД

САД е федерална држава составена од 50 федерални држави. Со американскиот устав е загарантирана автономноста на овие држави, во сите области, освен во областа на надворешните работи, во работата на одбраната, во финансиите и работите од безбедноста на државата кои се во надлежност на државните органи.

Во понатамошното разгледување ќе дадеме приказ на настанокот на поединечните разузнавачки организации и установи кои претставуваат дел од американскиот разузнавачко-безбедносен систем. Се работи за многу развиен систем со многубројни и силни разузнавачко-безбедносни установи и организации. Оттаму е и сосема природно што во минатото и во сегашноста се појавуваат многу чести судири, ривалство и завидливост меѓу одделни служби, а особено меѓу две групации, и тоа - цивилни, чиј претставник е CIA и воени, чиј претставник е DIA.

Современиот разузнавачко-безбедносен систем на САД е создаден и развиен во временски интервал од околу 15 години (1947-1961)*. Тоа е релативно доцна, но најважно е тоа што е изградуван на мало сопствено историско наследство и искуство.

На чело на разузнавачко-безбедносниот систем се наоѓа Советот за национална безбедност - NSA (National Security Council), кој раководи и ги насочува сите разузнавачко-безбедносни организации во системот. Меѓу најзначајните разузнавачко-безбедносни организации спаѓаат:

- Централна разузнавачка агенција - CIA (Central Inteligence Agency)
- Военоразузнавачка агенција (одбранбена разузнавачка агенција) - DIA (Defence Inteligence Agency)
- Агенција за национална безбедност - NSA (National Security Agency)
- Владино биро за разузнавачки работи и истражување (уред за разузнавачки работи во Министерството за надворешни работи (Bureau of Inteligence and Research of State Department);
- Федерално истражно биро - FBI (Federal Bureau of Investigation);

---

* Современиот разузнавачко-безбедносен систем на САД почна да се формира од 1947 година по донесувањето на Законот за национална безбедност.

- Разузнавачко одделение на Комисијата за нуклеарна енергија - AEC;
- Разузнавачки отсек во Министерството за енергија (Агенција на Министерството за енергетика) - DEA
- Меѓународна агенција за врски (соработка) - ICA (International Comunications Agency);
- Специјална служба.

Во структурите на постојните организации на разузнавачко-безбедносниот систем формирани се мноштво наменски агенции или уреди кои истовремено се во функција на повеќе разузнавачки агенции.

**НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ - ИНТЕГРИРАНО ПОДРАЧЈЕ***

Државен секретаријат
Секретаријат за одбрана
Разузнавање

Секретаријат за трговија
Секретаријат за енергија
Секретаријат за правда
Секретаријат за сообраќај
Секретаријат за финансии
Канцеларија за управување и буџет

Совет за национална безбедност и персонал на Советот за национална безбедност

**СОВЕТ ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ**

Советот за национална безбедност е формиран согласно со Законот за национална безбедност од 1947 година и тој е главен форум што расправа по прашањата од националната безбедност. Советот дава совети во врска со интегрираната внатрешна, надворешна и одбранбена политика доколку тие се во врска со националната безбедност.

Покрај овие работи, по барање на претседателот, Советот за национална безбедност, заради обезбедување поефикасна соработка меѓу владините секретаријати по прашањата од националната безбедност, го работи и следното:

---

* Извор: Defense Management in Democratic Societies: The Role of executive Agencies, Headquarters, United States European Command, George C. Marshal, European Center For Security Studies, 15 April, 1996.

а) ги цени и проценува целите, обврските и ризиците на САД во врска со актуелната и потенцијалната воена моќ од интерес за националната безбедност и му подготвува предлози на претседателот;
б) ја разгледува политиката во врска со работите од заеднички интерес на секретаријатите и агенциите на владата сврзани со националната безбедност и му подготвува предлози на претседателот.

Советот за национална безбедност се состои од четворица статутарни члена: претседателот, потпретседателот, државниот секретар и секретарот за одбрана. Началникот на здружениот генералштаб и директорот на Централната агенција за разузнавање учествуваат во работата на Советот како статутарни советници.

Помошникот на претседателот за работите на националната безбедност (советник за национална безбедност) е подготвен за секојдневните активности на Советот и за меѓуагенциската соработка.

Статутарните членови на Советот и советниците, како и советникот за национална безбедност, учествуваат на сите состаноци на Советот за национална безбедност. Секретарот за финансии, државниот правобранител, шефот на кабинетот на претседателот, директорот на канцеларијата за управување и буџет, раководителите на другите извршни секретаријати и агенции и високите службеници на кабинетот на претседателот можат да учествуваат во работата на Советот на специјална покана од претседателот.

| | |
|---|---|
| Официјални членови | претседател |
| | потпретседател |
| | државен секретар |
| | сектор за одбрана |
| Статутарни советници | директор на CIA |
| | начелник на здружениот генералштаб |
| По правило | секретар на финансии |
| | претставник од ОН |
| | помошник на претседателот за национална безбедност |
| | помошник на претседателот за економска политика |
| | шеф на кабинетот на претседателот |
| По покана | државен правобранител |
| | шефови на други агенции |

Советот за национална безбедност подготвува документи кои имаат за цел да ги информираат секретаријатите и агенциите на владата за активностите на претседателот. Советот донесува директиви и прегледи.

Во директивите за национална безбедност се објавуваат одлуките за извршување на политиката и целите на националната безбедност на сите нејзини подрачја. Сите директиви се посебно евидентирани и нумерирани и потпишани од претседателот.

Прегледите се изработуваат со цел да се прикажат проучувањата кои се направени во врска со политиката и задачите на националната безбедност.

Советот за национална безбедност го сочинуваат специјалните комитети за координација и разузнавачкиот уред (USIB).

Разузнавачкиот уред (USIB) го сочинуваат сите директори (раководители) на разузнавачките и безбедносните организации во разузнавачко-безбедносниот систем на САД. На чело на овој уред се наоѓа директорот на CIA. За континуирана реализација на тековните активности овој уред има свој постојан дел - секретаријат. USIB ги планира и координира задачите за секоја разузнавачко-безбедносна служба, врз основа на согледувањата на Специјалниот комитет за координација (во рамките на NSC) за разузнавачко-безбедносната состојба во САД и во светот. Тоа значи дека задачите на разузнавачките служби се формулираат на највисоко ниво на државата, со „благослов" на претседателот на САД, додека разузнавачките служби се нивни директни извршители и „дежурни виновници", ако валканите акции и операции бидат откриени, односно ако не ја остварат поставената цел.

**СТРУКТУРА НА СОВЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ***




* Извор: Ibid

## 1. ЦЕНТРАЛНА РАЗУЗНАВАЧКА АГЕНЦИЈА - CIA

CIA е формирана на 12.03.1947 година како аналитичко координативно тело внатре во разузнавачкиот безбедносен систем на САД. Тогаш е донесен и Законот за национална безбедност. Законот ја прецизира надлежноста на сите установи и организации кои се залагаат за безбедност и одбрана.

Функциите на CIA се:

1. Да дава совети на Советот за национална безбедност во сите работи од разузнавачка природа, врзани за државната безбедност;
2. да дава препораки на Советот во поглед на координирањето на разузнавачките активности на министерствата и владините агенции;
3. да го споредува и проучува разузнавачкиот материјал и важните информации да ги доставува на владата односно на нејзините установи;
4. да спроведува дополнителни разузнавачки работи (студии) во интерес на постојните разузнавачки агенции, за кои Советот може да бара да се водат централизирано;
5. да ги остварува и останатите должности и функции, кои се однесуваат на државната безбедност;

Меѓутоа, потребите на САД во предвечерието на студената војна, барале да се прошират функциите на CIA. Од овие причини Конгресот на САД 1949 година донесе Закон кој налага CIA да се занимава и со непосредна разузнавачка дејност. Според одредбите на тој Закон CIA ги добива следните надлежности:

1. Да се занимава со разузнавачка работа во странство и кон странство, да собира податоци од воен, политички, стопански и психолошки карактер;
2. да работи на контраразузнавачките задачи во странство и на територијата на САД, доколку се поврзани со странските држави;
3. да се занимава со политички акции и пречки, идеолошки проблеми и влијанија, проблеми на психолошки притисок, пропаганди и маневри, кон странство, како и борба против слични акции кои се насочени против САД;
4. CIA нема овласување на полиција ниту, пак, може да се занимава со работи за организирање на безбедноста на територијата на САД, а за нејзините потреби, важните работи ги остварува FBI и воената контраразузнавачка служба.

Раководно тело на CIA е штабот во кој се наоѓаат: директорот на CIA за кого се врзани и кому му се одговорни шефовите на разузнавачките центри, разместени по реоните во светот, заменик директорот, одговорен за аналитичка обработка на податоци и затоа непосредно раководи со изработка на извештаи и известувања за потребите на корисникот, помошникот на директорот за планирање, помошникот на директорот за разузнавачки работи и помошникот на директорот за специјална - неразузнавачка дејност. Дирекцијата на CIA се дели на сектори (управи) и поголем број помошни служби.

**Секторот за аналитички работи** во својот состав ги има следните организациони единици:

- Уред за национална проценка;
- Уред за следење и изработка на „дневните прегледи“
- Уред за изработка на „прегледите за национални разузнавања“
- Сектор за работи за планирање;
- Сектор за работи за разузнавачки истражувања;
- Оддел за разузнавачко дејствување;
- Сектор за специјални неразузнавачки дејства.

Во централата на CIA постојат електронски центри за обработка на сите податоци собрани преку своите организациони единици, како и податоци добиени од други разузнавачки организации на САД. CIA располага и со библиотека во која се содржани изданијата и публикациите од други држави, а кои се од интерес за оваа држава.

Според поновата организациона структура на дирекцијата на CIA функционираат и следните сектори (управи):

А) **Разузнавачки сектор** - собира податоци од сите делови на светот за значајните проблеми и движења од областа на политиката, одбраната, науката, социјалните состојби, државната управа, движењата на масите, меѓудржавните и други односи итн. Во најголема мерка се користат тајни методи на работа, но не се исклучени и легалните можности за прибирање на податоци.

Б) **Сектор за план** - раководи со подготовките и изведувањето на тајните акции (валкани опереции) против државите чии режими (политички гарнитури на власт) треба да се срушат првенствено во интерес на политиката на САД.

В) **Научноистражувачки сектор** - ги следи и собира податоците за научните достигнувања во светот првенствено од областа на нуклеарната физика, електрониката, психологијата и социологијата.

Г) **Сектор за работа во САД** - неговата функција првенствено е контраразузнавачка со цел да се спречи дејствувањето на странските разузнавачки служби против интересите на САД. Овој сектор го остварува обединетото раководење со офанзивните контраразузнавачки и разузнавачки активности во САД. Во соработка со FBI се остварува увид во работата на разните политички, емигрантски, доселенички, културни и други организации, првенствено нивната соработка и врски со странство. Определени поединци од овие организации се користат за разузнавачко дејствување, првенствено во нивните земји.

Д) **Сектор за поддршка** - со првенствена задача пружање помош на останатите сектори, особено при извршување на некои акции во странство. Овој сектор се користи и за помош на владите на определени држави чија власт е загрозена од какви и да било „деструктивни" влијанија и состојби на определени општествени групи, особено на оние со револуционерен предзнак.

Во рамките на овие сектори се формираат одделенија и отсеци кои во согласност со задачите најчесто се формираат на регионален принцип (за континенти и групи на земји).

За извршување на своите мошне значајни и сложени задачи CIA има добиено големи овластувања и значајни буџетски средства. Во нејзината централа работат околу 20.000 луѓе кои ги користат информациите на 300.000 соработници ширум светот.

CIA е организирана во силни разузнавачки центри - вкупно 25 од кои 10 во странство (податоците се базираат на определени сознанија за определени периоди и треба да се прифаќаат со резерви).

Во својата работа CIA ги применува сите методи на работа со кои се користат сите современи разузнавачки служби во светот, со цел да се стекне глобален, но и целосен увид за состојбите во определени области во определени земји, но и на планетарен план. Нејзините методи се разновидни, што ја прави да биде најсилна разузнавачка организација во САД и пошироко, со големи овластувања за разузнавачка и субверзивна работа кон странство.

## 2. ВОЕНОРАЗУЗНАВАЧКА АГЕНЦИЈА - DIA (DEFENCE INTELIGENCE AGENCY)

DIA претставува единствена военоразузнавачка служба во САД која го обединува и координира дејствувањето на разузнавачките служби на Генералштабот на копнените сили - G-2, контраразузнавачкиот корпус - CIC, разузнавачката служба на Генералштабот на воената морнарица - ONI - и разузнавачката служба на Генералштабот на военото воздухопловство - IDAS.

Оваа служба е формирана во 1961 година во составот на Министерството за одбрана. DIA е раководена од помошникот на министерот за одбрана на разузнавачката служба. DIA од нејзиното основање ефикасно и обединето ги решава сите проблеми на военоразузнавачки, контраразузнавачки и безбедносен план за потребите на ВС на САД.

Разузнавачките служби во рамките на видовите на ВС на САД задржуваат и определена самостојност по прашањата на разузнавачкото обезбедување на определените видови на ВС на САД.

DIA со својата разгранета организација на разузнавачки служби претставува една од најмасовните военоразузнавачки организации во современиот свет. Задачите на оваа служба се многу разновидни и обемни, првенствено во сферата на воената стратегија, оператиката и тактиката во локалните, регионалните војни и во светска војна. Нејзините општи задачи се регулирани со законски прописи, воени правила разработени во строго доверливи упатства и директиви. Во најзначајните активности на DIA спаѓаат:

- разузнавачко обезбедување на дејностите на Министерството за одбрана на САД и на останатите командни степени (на главниот генералштаб) посебно во доменот на стратегиското планирање и употребата на ВС на САД во војна;
- раководење со потчинетите разузнавачки органи и единици, нивно организирање, насочување на конкретни задачи и контрола;
- материјално-техничко, кадровско и стручно зајакнување на пониските разузнавачки органи на одделни војувалишта и војништа;
- преземање на акции од арсеналот на „неконвенционалната војна“ во одделни земји во согласност со одлуките на владата или на министерството за одбрана;

- координирање на разузнавачките и други акции со останатите разузнавачки организации на САД, преку одборот за разузнавачка работа на Националниот совет за безбедност - USIB или непосредно.

DIA во својот состав има централен воено-разузнавачки орган и разновидни установи и единици формирани за извршување на определени задачи. Најзначајни органи на DIA се:

А) одбранбената разузнавачка агенција (разузнавачка управа на ВС на САД);
Б) разузнавачки органи на оперативно-тактичките команди и единици во сите видови на ВС на САД; и
В) самостојни специјални единици и органи.

Одбранбената разузнавачка агенција се наоѓа во министерството за одбрана на САД, како главен раководен орган, во чиј состав има голем број на сектори, одделенија и реферати како што се:

- плански сектор;
- сектор за истражување и анализи;
- сектор за техника;
- сектор за електроника
- сектор за специјални операции.

DIA за реализација на своите активности во странство организира воено разузнавачки центри во чиј состав се наоѓаат најчесто офицери кои се оспособени за разузнавачка работа од проблематиката на видовите на ВС на САД.

### *1. Разузнавачка служба на Генералштабот на Копнената војска на САД - G-2 (ASA)*

Според времето на настанување ова е најстарата разузнавачка организација во САД. Организациски G - 2 е поделена на 2 управи:

а) **MIS - Воено разузнавачка служба** - врши функција на стратегиска разузнавачка служба користејќи прикриени и легални методи на разузнавачка служба. Во својот состав има неколку одделенија:
   1. Одделение за разузнавачко-извидувачки работи;
   2. Одделение за оперативно-технички служби;
   3. Одделение за топографски карти;
   4. Одделение за разузнавачко истражување.

б) **Контраразузнавачки корпус - CIC** врши контраразузнавачка заштита на единиците, установите и објектите на копнените вооружени сили.

### *2. Разузнавачка служба на Воената морнарица на САД - ONI (NSG)*

Врши разузнавање, контраразузнавање и аналитички работи за потребите на командувањето и затоа директорот на ONI е истовремено и помошник на началникот на Генералштабот на воената морнарица.

За потребите на командувањето собира податоци од организацијата на воената морнарица на странските држави од пловните единици и нивното вооружување, за брзината, маневарската способност на командниот кадар и обуката на старешините и морнарите. Собира податоци од индустријата која произведува за потребите на Воената морнарица, како и податоци за крајбрежното подрачје, податоци за морските струи и температурата на водата и др. ONI има сопствени центри и полигони за обука на извидувачите и специјалните сили на морнарицата - **Единица за задачи на море, во воздух и на земја - SEALS.**

### *3. Разузнавачка служба на Военото воздухопловство на САД - IDAS USAFSS - AFI*

Врши функција на известување и анализирање за потребите на командувањето со Военото воздухопловство и затоа директорот на IDAS е помошник началник на Генералштабот на Военото воздухопловство. Како посебна служба формирана е во јуни 1941 година. IDAS е организатор и корисник на радарскиот систем со кој го надгледува воздушниот простор над Русија и другите европски држави. Овој систем е поврзан во еден централизиран механизам чија цел е елиминирање на изненадувањата. Оваа служба е непосреден корисник на сателитско-разузнавачко- извидувачкиот систем „SAMOS". Заради перманентно користење, овој систем годишно исфрлува во орбитата преку 20 вештачки сателита, опремени со автоматизирана електронска опрема. Во составот на IDAS се наоѓа и Сојузен центар за дешифрирање на снимките, сателитите и извидувачките авиони. IDAS собира податоци за организацијата на Военото воздухопловство на странските држави - за авионите, за ракетите за индустријата на авиони, аеродромите и базите и се грижи за обука и употреба на единиците за специ-

јална намена. За обука на овие единици кои се нарекуваат **Единици против буни** - COIN - се користат воздухопловните бази во местата Еглин и Рена.

### 3. АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ - NSA (NATIONAL SECURITY AGENCY)

NSA е формирана во 1952 година врз основа на Законот за национална безбедност донесен на 12. 11. 1947 година, со цел на едно место да се изработат шифри за потребите на сите разузнавачки организации на САД и другите установи и организации кои имаат потреба да соработуваат со затворени пораки.

Специфичната положба на NSA е во тоа што оваа агенција работи за потребите на разузнавачки служби, а исто така и сите разузнавачки организации кои извршуваат определени работи за потребите на NSA. Освен наведеното, NSA е многу значаен извор на разузнавања за потребите на американската влада и ВС на САД. NSA е поделена на следните работни сектори:

1. Одделение за изработка на шифри, кое изработува документи за шифри за следните потреби:
   а) за шифрирано комуницирање помеѓу командите на американските вооружени сили на сите нивоа; за потребите на државниот секретаријат за надворешни работи, кој одржува врска со дипломатските мисии во странство;
   б) изработува шифри за одржување врска помеѓу разузнавачките централи и разузнавачките центри кај сите разузнавачки установи (CIA, OIR, G-2, ONI, IDAS и FIP) како и шифри за одржување врска помеѓу разузнавачките центри со агенти на териториите на странските држави.
2. Одделение за дескрипција - кое работи на дешифрирање на фатените шифрирани пораки во радио-сообраќајот на странските држави и тоа:
   а) шифрирани пораки на странските дипломатски и други претставништва на територијата на САД, кои ги испраќаат на своите влади;
   б) затворени пораки кои се пренесуваат со радио-сообраќајот на територијата на странските држави помеѓу разузнавачките институции или воените команди;

в) со оглед на тоа што NSA изработува документи за шифри, врши надзор на нивната употреба, а документите по користењето повторно ѝ се враќаат на NSA. Оваа агенција претставува надзорен орган во американскиот разузнавачки систем, бидејќи има услови да остварува потполн увид во сите шифрирани пораки. Во организационите едници на NSA се применува и бригаден работен систем.

3. Одделение за слушање на радио-сообраќајот - NSA прислушкувањето го остварува преку своите центри. Има свој центар за Европа - во Германија, за Азија - во Јапонија, со поголем број на потцентри.

NSA располага со огромен број на многу силни приемни центри во САД и во странство. Во странство има разместено повеќе од 2.000 прислушни пунктови, лоцирани во воените бази на САД, на сателитите, воените бродови, авионите итн.

### 4. УРЕД ЗА РАЗУЗНАВАЧКА РАБОТА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ - BUREAU OF INTELIGENCE AND RESEARCH OF STATE DEPARTMENT

Овој уред е формиран во рамките на МНР со цел да изведува разузнавачки активности и да ги проучува состојбите и приликите во другите земји. Ова владино биро за разузнавачки работи и истражувања ги интензивира своите активности во другите држави по напуштањето на периодот на дипломатска раздвоеност на САД („изолационизмот на САД“).

Суштината на дејствувањето на оваа институција е во прибирањето и обработката на податоци од особено политичко и економско значење за креирање и водење на надворешната политика на САД.

Во нејзиниот состав функционираат главниот уред со седиште во САД и разузнавачки органи на работа во странство разместени во составот на сите дипломатско-конзуларни претставништва на САД. За реализација на поставените задачи се користат сите познати, прикриени и легални методи за собирање на податоци од посебен интерес на владата за водење на надворешната политика.

## 5. ФЕДЕРАЛНО ИСТРАЖНО БИРО - FBI (FEDERAL BUREAU OF INVESTIGATION)

Формирано е во 1909 година во составот на секретаријатот за правда, кому поднесува извештај за своето дејствување како и за конкретните појави, за кои го известува и сојузниот тужител. Во определени ситуации постапува и по барањата на претседателот на САД, лично, а извештај за значајните сознанија поднесува и на Советот за национална безбедност. Заменикот на директорот на FBI е член на разузнавачкиот одбор на САД. Федералното биро ги извршува и функциите на контраразузнавачка служба и на политичката полиција на територијата на САД.

Дел од FBI се занимава и со контраразузнавачки работи кои се извршуваат од следните одделенија:

**1. Одделение за контраразузнавачки работи**

Врз основа на сопствените податоци и разузнавања добиени од другите американски разузнавачки служби, организира и раководи и со истражувањето на работите што ги извршуваат поединци кои се осомничени дека се агенти на странските служби;

**2. Одделение за контрола на политичките противници на системот**

Активноста на FBI во голема мера беше концентрирана на активноста на Комунистичката партија во САД и нејзините членови. Освен Комунистичката партија под контрола се наоѓаат и 165 организации и здржениja на територијата на САД, кои се под влијание на комунистите или на поединци кои имаат марксистички поглед на светот. Интересен е фактот што FBI за борба против комунистите и напредните луѓе користи и профашистички методи.

**3. Одделение за кривична полиција**

Работи на откривање на извршителите на кривични дела и организираниот криминал. Надлежноста на FBI се состои во откривање на извршителите, собирање на докази, извршување на сите истражни работи како и поднесување обвиненија или му предлага на обвинителот да покрене обвинение. Многу ги користи прислушните средства. FBI може на барање на претседателот на САД да ги прислушкува телефоните на функционерите на Државниот секретаријат за одбрана и за надворешни работи како и на другите установи и организации, доколку тоа го бараат причините за безбедност.

За решавање на определени кризни ситуации, FBI почна да ја развива програмата SWAT - тимови (Специјални оружја и тактики), кои се засновуваат врз претпоставките дека одбрани групи на високо-

мотивирани и добро оспособени агенти - доброволци, посебно опремени и оспособени да дејствуваат како екипи.

Во текот на обуката и извршувањето на определени дејства остваруваат тесна соработка со HRT (Hostage Rescue Team - Екипа за ослободување на заложници), екипи коишто се специјализирани за спасување. И двете екипи, неопходно е потребно да бидат оспособени за планирање и изведување на тактички операции со висок ризик кои ги надминуваат можностите на обичните теренски оперативци.

FBI како истражна рака на министерството за правда врши истраги за незаконските активности од сферата на организираниот криминал, изнудување, повреда на граѓанските права, киднапирање, грабежи на банки, воздушно пиратство, тероризам, меѓународен криминал, промет со дроги и сл.

### 6. РАЗУЗНАВАЧКО ОДДЕЛЕНИЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА АТОМСКА ЕНЕРГИЈА -AEC

Настанало во текот на Втората светска војна во делот на Оддолот за научни истражувања и развој, како одделение за заштита на лабораториите и истражувачкиот центар за изработка на атомски бомби. Ова одделение ги врши следните работи:

1. Врз основа на расположливите податоци ги следи истражувањата во областа на атомската енергија во странските држави и ги класифицира и анализира собраните известувања. Врз основа на сознанијата за достигнувањата во странските држави во областа на нуклеарната физика врши проценки значајни за националната безбедност.
2. Организира контраразузнавачка заштита на институтите - лабораториите и полигоните во кои се вршат истражувања и опити. Разузнавачкото одделение AEC ги упатува своите барања спрема CIA и други разузнавачки установи за собирање на известувања во странските држави за достигнувањата во развојот на нуклеарната енергија.

### 7. РАЗУЗНАВАЧКИ ОТСЕК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕНЕРГЕТИКА (АГЕНЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕНЕРГЕТИКА) -DEA

DEA - претставува мошне значајна и влијателна разузнавачка организација формирана кон крајот на седумдесетите години. Таа во

својот состав има разузнавачко одделение кое има подеднаков ранг со другите разузнавачки служби на САД.

Оваа агенција за енергетика на владата на САД е исклучително наменска и служи за собирање и обработка на релевантни податоци за достигнувањата на другите земји во областа на енергетиката. Нејзина значајна активност претставува и контраразузнавачката заштита на научните достигнувања од областа на енергетиката во САД.

По прашањата на разузнавачкиот опфат на научните кадри од таа област, DEA остварува соработка и со други разузнавачки и контраразузнавачки институции.

## 8. МЕЃУНАРОДНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРСКИ (СОРАБОТКА) - ICA (INTERNATIONAL COMUNICATION AGENCY)

ICA претставува агенција чија основна задача е да ја организира, раководи и координира целокупната американска пропаганда во земјата и во странство, во мир и во војна.

Пропагандната активност ја спроведува со примена на методи и средства во зависност од дефинираните цели што треба да се постигнат. Најчесто се користат печатените медиуми и пропагандните филмови кои бесплатно се дистрибуираат до потенцијалните „корисници“.

Во своите богати арсенали на дејствување се вклучуваат и силни радио-станици со посебно селектирани програми.

Во функција на остварувањето на психолошко-пропагандните активности се отвораат и богато снабдени читални и библиотеки со американска литература, се организираат семинари, изложби, курсеви за изучување на англискиот јазик итн.

Често применувани форми и методи на работа се и пропагандните дејствувања „на долги патеки“ преку сферата на науката и образованието (стипендии, стручни специјализации, студиски престои итн.)

Во воени услови, ICA ги презема сите функции за целосно и единствено раководење со психолошките дејства („психолошките операции“), кога и единиците за психолошки дејства на ВС на САД се потчинуваат на оваа агенција.

Централната агенција е лоцирана во Вашингтон и како и останатите разузнавачко-безбедносни агенции директно е поврзана со Советот за национална безбедност. Централната агенција преку министерството за надворешни работи раководи со своите филијали - уреди за информирање (ICAS) кои се лоцирани во составот на американските дипломатско-конзуларни претставништва.

## 9. СПЕЦИЈАЛНА СЛУЖБА

Составена е во времето на граѓанската војна во САД, со цел да го штити претседателот на државата. Се наоѓа во состав на Секретаријатот за финансии и непосредно е подредена на секретарот.

Дирекцијата на оваа служба ги извршува следните работи:

1. Го обезбедува и штити претседателот во Белата куќа или на кое и да е друго место, како и членовите на неговото семејство. Физички ги штити и обезбедува зградите во кои работи и живее претседателот:
2. Организира обезбедување и непосредно се ангажира за физичка заштита на странските шефови на држави додека се во посета на САД;
3. Организира обезбедување и заштита на бившите претседатели на САД и на нивните семејства.
4. Го обезбедува и штити секретарот за финансии;

## ВОДЕЧКИТЕ СТРУКТУРИ НА РАЗУЗНАВАЧКОТО СОБРАНИЕ НА САД И КОНТРОЛАТА НА КОНГРЕСОТ ВРЗ НЕГОВОТО РАБОТЕЊЕ

### *Улогата на разузнавачкото собрание на САД*

Поимот разузнавачко собрание IC (inteligence community)[1] почнала да го употребува сојузната влада и разните медиуми, за да ги означат сите сојузни агенции, односно служби, кои имаат определена улога во разузнавачката дејност на САД во странство. Оформувањето на IC е уникум во американската сојузна влада и е составено од разни разузнавачки елементи, кои имаат свои институционални и организациски излези во разни министерства и самостојни агенциски извршни области на САД. Многу од тие елементи се од другите владини институции, кои се разликуваат и се релативно самостојни бирократски единици, и заедно спроведуваат разни активности, кои доаѓаат во целосен американски разузнавачки напор во странство и на домашниот терен, кој гарантира национална безбедност. Тоа што ги поврзува е нивната заедничка задача и цел: да му обезбедат на државното раководство проверени, благовремени и точни разузнавачки податоци, кои на творците на националната политика ќе им користат за подготвување благовремени и темелни политички и други одлуки, за реализација на соодветната политика.

1 Извор: GJA. O'Toole: The Encyclopedia of American Intelligence and Espionage from the Revolutionary War to the Present, Facts on File, New York, Oxford, 1988, стр. 240

По II светска војна се укажа потреба за формирање на централна агенција, која за потребите на американскиот претседател, ќе ја координира и централизира севкупната разузнавачка дејност. Со Законот за национална безбедност од 1947 година формирана е CIA. Таа постапно е обликувана со законот, периодичните претседателски директиви, извршните укази и директивите на Советот за национална безбедност, како и со прописи од директорот на CIA.[2]

Организациската структура на IC во пошироко значење, најопшто кажано, има два основни сегмента: раководен дел и IC во потесен смисол. Двата сегмента се имаат менувано како содржински така и организациски, а доградувани се со секој мандат на новиот претседател на САД, кој е, поради претседателскиот систем, шеф на извршната власт.

Раководниот дел на IC има пирамидална структура составена од поединци, комитети и уреди кои се задолжени за советување, водење, насочување, координација и стручен надзор над дел од IC односно целосната разузнавачка дејност на САД.

IC во потесна смисла е изразито разчленета структура, односно мрежа на владините разузнавачки организации, кои истовремено на Владата на САД ѝ обезбедуваат најразлични податоци за други држави (потенцијални или вистински противници), како и за состојбата во економијата, политиката и другите движења во САД, подготвуваат и контраразузнавачка заштита и изведуваат таканаречени прикриени акции. Организациската структура се дели во пет основни категории:

- Национални разузнавачки организации (тука се вбројуваат и NSA и NRO) иако формално спаѓаат во разузнавачките компоненти на министерството за одбрана;
- Разузвавачките организации на министерството за одбрана;
- Разузнавачките организации на вооружените сили;
- Разузнавачките организации на здружените команди како и на специјализираните команди;
- Цивилни разузнавачки организации, односно разузнавачките органзации на останатите министерства.

Мора да се спомене дека наведениве разузнавачки организации немаат иста улога и значење.

---

2 The New Encyclopedia Britanica, книга 21, 15 издание, Encyclopedia Britanica Inc, Chicago, 1990, стр. 365

## РАКОВОДНАТА СТРУКТУРА НА РАЗУЗНАВАЧКОТО СОБРАНИЕ

### *Претседателот на САД*

Улогата на претседателот е многу значајна, бидејќи тој издава многу подзаконски прописи од кои зависи разузнавачката дејност и во согласност со Сенатот ги менува раководителите и соодветните тела, а на некои од нив тој лично претседава. Кон него се насочени сите најважни разузнавачки механизми и во согласност со тоа се подготвуваат соодветните одлуки.

### *Советодавниот одбор на претседателот за разузнавачка активност во странство (President's Foreign Intelligence Advisory Board - PFIAB)*[3]

Тој собир на еминентни стручњаци и политичари на американски граѓани, кои додека се во одборот не се членови во извршната власт, некои го нарекуваат „невладино тело", кое го советуваат за идните трендови на разузнавачката дејност. Формиран е во 1956 година со указ на претседателот Ајзенхауер, а сегашното име го добил во 1961 година.

Одборот се состанува еднаш месечно во Вашингтон за да ја оцени активноста на RS која е во тек и во врска со тоа му предлага на претседателот соодветни мерки или промени ако е тоа потребно. Во тој контекст CIA на одборот му дава потребни разузнавачки информации и оценки. Одборот ретко се занимава со „прикриени" информации, освен со некои неуспешни, за да се види каде се сторени грешките.

Одборот го оценува и водењето на кадровската политика и организациската поставеност, а на претседателот му советува приоритетни задачи за насочување и координација со разузнавачките активности. Одборот има задача да подготвува и упатства за подобрување на разузнавачките активности на САД.

3 Извор: G. Yost: The CIA, Fact on File, New York, Oxford, 1989, стр. 6


КОНГРЕС
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА САД
PFIAB
IOB
OMB
DCI
SIG
DCI
IGs
ICS
NIC
NFIC
NFIB
DoS
DoE
DoT
DoJ
DoC
DoA
CIA
DIA
NSA
NRO
DMA
AFMIC
INR
ODAS-i
OIS
FAS
FRD
AI
DIL
DEE
OFA
ONI
AFI
FBI
DEA
MCI

**ЛЕГЕНДА:**

PFIAB - Советодавен одбор на претседателот за разузнавачка активност во странство;
IOB - Надзорен одбор за разузнавачка дејност;
OMB - Канцеларија за управување и пресметки;
NSC - Совет за национална безбедност;
SIG - Виша меѓуагенциска служба;
IGS - Меѓуагенциски групи;
DCI - Директор на централната разузнавачка служба;
ICS - Штаб на разузнавачкото собрание;
NIC - Национален разузнавачки совет;
NFIC - Национален совет за разузнавачка дејност во странство;
NFIB - Национален одбор за разузнавачката активност во странство;
DoS - Министерство за надворешни работи;
INR - Биро за разузнавачка активност и истражување
DoE - Министерство за енергија
ODAS - Уред на помошникот на заменикот министер за разузнавачки активности;
DoT - Министерство за финансии;
OIS - Биро за разузнавачка поддршка;
DoJ - Министерство за правосудство;
FBI - Федерално истражно биро;
DEA - Управа за извршување на закони за наркотици;
DoC - Министерство за трговија;
OIL - Уред за разузнавачки поврзувања;
OEE - Разузнавачки оддел на Уредот за извозни активности;
OFA - Биро за утврдување на странските производствени способности;
DoA - Министерство за земјоделие;
FAS - Служба за земјоделието во странските држави;
CIA - Централна разузнавачка агенција;
FRD - Сојузен истражувачки оддел на конгресната библиотека;
DoD - Министерство за одбрана;
DIA - Одбранбена разузнавачка агенција;
NSA - Национална безбедносна агенција;
NRO - Национален извидувачки уред;
DMA - Одбранбена картографска агенција;
AFMIC - Медицински разузнавачки центар на вооружените сили;
AI - Разузнавачка служба на Копнената војска;
ONI - Разузнавачки уред на Воената морнарица;
AFI - Разузнавачка организација на Военото воздухопловство;
MCI - Разузнавачка служба на морнаричката пешадија.

### *Надзорен одбор за разузнавачка дејносӣ (Inteligence Oversight Board - IOB)*

IOB е постојано непартиско и невладино тело и дејствува во рамките на Белата куќа. Формиран е во 1976 година со указ на претседателот. Составен е од три члена кои ги именува претседателот на САД кои му се непосредно потчинети. Претседателот на овој одбор е член на советодавниот одбор. Задолжен е за откривање и јавување за секоја разузнавачка дејност за која се поставува прашањето дали е во рамките на законот или извршните укази на претседателот.

Задолжен е да ги прегледа сите интерни упатства на разузнавачкото собрание. Во тоа го користи и системот на инспектори и на советници кои ја контролираат законитоста на работата на RS на САД, а со своите заклучоци ги известува по потреба или секои три месеци претседателот и државниот обвинител.

### *Канцеларија за уӣравување и ӣресмеѿки (Office of Management and Budget - OMB)*[4]

OMB е служба внатре во Белата куќа, која строго ги контролира сите издатоци на владините служби и определува даночни приоритети за Владата. Има овластување да ги намали издатоците на одделни владини одделенија или да ги укине предвидените програми. Членовите на кабинетот можат при одлучувањето на канцеларијата да влијаат врз претседателот.

Одделението за меѓународни прашања, кое теоретски ги контролира финансиите на RS, има пет луѓе: шеф на одделението и по еден ревизор за CIA, NSA, NRO и DIA.

### *<u>Совеѿ за национална безбедносѿ (National Security Council - NSC)</u>*

NSC е формиран со закон во 1947 година. Неговата главна улога е да го советува претседателот за национално-безбедносни прашања поврзани со националната, внатрешната, надворешната и воената политика како и за други ресори кои влијаат на безбедноста на државата.

4 Извор: V. Marchetti. J. D. Marus: CIA in kult obvesevalne dejavnosti, Mladinska knjiga, Ljubljana, 1976, стр. 360

Советот, според законот, е највисока извршна установа која е наменета за преглед на извршените и за давање упатства за водење на тековните и идните национални разузнавачки активности во странство и контраразузнавачки активности. Советот е воено-политичко тело на подрачјето на безбедноста и одбраната и е координатор и насочувач на разузнавачките активности, а воедно е и посредник помеѓу разузнавачкото собрание и претседателот на САД.

Советот е дел на извршната канцеларија на претседателот и не е под контрола на Конгресот, што му овозможува на претседателот на САД да го користи по своја волја и да го менува неговиот состав.

Службени членови на советот се: претседателот на САД, потпретседателот на САД и министрите за надворешни работи и одбрана. Директорот на CIA и претседателот на штабот на здружените началници учествуваат на седниците на советот како советници. Помошникот на претседателот на САД за национално-безбедносни работи и министерот за финансии исто така присуствуваат на седниците. По барање на претседателот на САД може да присуствува и државниот обвинител, а зависно од темата и целта на седница можат да се повикаат и други советници.

### *Виша меѓуагенциска група*
### *(Senior Interagency Group - SIG)*

Нејзина улога е советување и помош, а е составена од различни личности како што се помошникот на претседателот за национално безбедносни работи, заменици и министри за надворешни работи и одбрана, претседателот на штабот на здружените началници, заменик на јавниот обвинител, директорите на FB и NSA. Кој ќе биде претседател на групата зависи од дневниот ред.

### *Меѓуагенциски групи*
### *(Interagency Groups - IGS)*

Ги решаваат потесните проблеми на разузнавачката политика. Формирани се за помош на вишите меѓуагенциски групи и ги сочинуваат нивни претставници. На покана од тој што претседава со конкретниот состанок можат да се повикаат и други експерти од одделни области. Меѓуагенциската група за разузнавачка активност има повеќе подгрупи (на пр. за контраразузнавачка активност, техничка и нетехничка поддршка).

Меѓуагенциската група ги определува разузнавачките потреби и приоритети во странство, ја контролира националната разузнавачка програма во странство, пресметковните средства и др. На меѓуагенциската група за контраразузнавачката работа претседава директорот на FBI, а членови се претставници од министерството за надворешни работи, од министерството за одбрана, помошникот за национално-безбедносни работи и претседателот на штабот на здружените началници. Групата расправа за контраразузнавачките проблеми и за туѓите прикриени акции насочени против САД. За водење на меѓуагенциската група за противмерки против меѓународниот тероризам е задолжен претставник од министерството за надворешни работи, а за борба против внатрешниот тероризам е задолжен државниот обвинител. Групата за технички мерки ја води помошникот од министерството за одбрана.

### *Директор на централната разузнавачка служба (Director of Central Intelligence - DCI)*

Истовремено е и директор на CIA и е задолжен да го советува претседателот на САД и NSC за разузнавачката дејност во странство, ги координира и контролира разузнавачките активности на американските разузнавачки организации, усогласува и подготвува пресметки, се грижи за извршување на прикриените акции, ја усогласува разузнавачката активност со одделни странски разузнавачки организации, го поттикнува развојот кој е од заеднички интерес, го развива аналитичкиот метод, собира разузнавачки податоци на национално рамниште, се грижи за спроведување на националната разузнавачка програма во странство. За реализацијата на своите задачи, директорот има на располагање четири потчинети тела.

### *Штаб на разузнавачко собрание (Intelligence Community Staff - ICS)*

Формиран е во 1972 година со цел да нуди помош на DCI. Задачи му се да се грижи за координација на вкупните разузнавачки активности на сите агенции и да се грижи за намалување на двојноста помеѓу службите и работи против прикривањето, подготвува список на приоритетни разузнавачки задачи, го контролира нивното извршување и го информира DCI (директорот), го советува DCI, а тој преку претседателот односно преку соодветниот одбор во Конгресот во согласност со процедурата врши реализација на пресметковниот процес.

Штабот е релативно самостојна бирократска единица непосредно подредена на директорот (DCI).

***Национален разузнавачки совет (National Intelligency Council - NIC)***

Малубројна аналитичка единица за изработка на разузнавачки проценки, специјални национални разузнавачки проценки и за подготовка на меѓуагенциски разузнавачки меморандуми. Потчинет е непосредно на директорот (DCI).

***Национален одбор за разузнавачки активности во странство (National Foreign Intelligence Board - NFIB)***

Му претседава DCI, а во составот се директорите на DIA, NSA, NRO и INR, претставниците од FBI, разузнавачките компоненти од министерствата за енергија и финансии, чија основна задача не е непосредно поврзана со собирање на разузнавачки податоци во странство, меѓутоа има определена улога во разузнавачките дејности. Член на NFIB е и заменикот на директорот на CIA. Како набљудувачи застапени се и помошникот на ВВ и КОВ, кои се задолжени за разузнавачка активност, како и директорите на разузнавачките служби на морнарицата и морнаричката пешадија. NFIB има советодавна улога на DCI и претставува еден од начините на координација на активностите на членките кои се застапени о него. Одборот расправа и конечно ги утврдува националните разузнавачки оценки, пред да се обработат во NSC, ги усклaдува и потврдува собраните потреби и приоритети.

Во рамките на NFIB дејствуваат редица разузнавачки комитети: за сигналноразузнавачка дејност, за пренос на технологија, за економија, за разузнавачката мрежа, за наука и технологија на ракување со разузнавачките документи, за вооружување и вселенските системи, за фотографско-извидувачките потреби и нивна експлоатација и за потешките разузнавачки проблеми.

***Национален совет за разузнавачката дејност во странство (National Foreign Intelligence Council - NFIC)***

Формиран е за време на Регановата администрација, со одлука на NFIB. Основната задача му е обработка на разузнавачките приоритети и пресметка на разузнавачката активност. Со него претседава DCI, а

неговиот заменик е потпретседавач. Во неговиот состав се претставници од сите разузнавачки организации кои се застапени во NFIB.

### *Конгресен надзор (контрола) врз работата на разузнавачкото собрание*

За реализација на конгресниот надзор значајни се постојаните одбори и разузнавачки пододбори во Конгресот: два одбора за вооружените сили и одбранбен пододбор (во двата дома) со четири пододбори кои се задолжени за контрола над CIA, два одобрителни одбора за пресметка (во двата дома) и одбор за надворешни односи (Сенат), одбор за надворешни работи (Претставнички дом), надзорен одбор за разузнавачката активност (Сенат), заеднични надзорен пододбор за разузнавачка дејност и заеднички одбор за атомска енергија. Според Уставот, Конгресот има право да ја организира извршната власт а со тоа да остварува и контрола врз неа. Претседателот на САД може да предлага формирање на нови административни агенции, кои мора да ги одобри Конгресот. Формирање, укинување и реорганизација на министерствата и одобрување на финансиските средства за нивната работа е исто така закодавна работа на Конгресот. Темелите се поставени уште со Законот за национална безбедност во 1947 година кој се однесуваше во голема мера на американскиот разузнавачки систем, особено на CIA со нејзиното посебно место и улога во системот на американската државна управа. Покрај Хуверовата комисија од 1947 година, во 1955 година формиран е мешовит одбор за разузнавачка дејност. Неговите задачи биле:

1. Разузнавачка функција на Советот за национална безбедност (NSC)
2. Разгледување на квалитетот на разузнавачките податоци, кои ги доставиле американските разузнавачки служби;
3. Координација на разузнавачката дејност;
4. Разузнавачки работи и нивната материјална основа од гледна точка на економичноста и контролата;
5. Школување и истражување на логистичките и безбедносни програми на разузнавачките органи;
6. Утврдување на насоките на кадровската политика;
7. Сите програми и постапки на собирање, вреднување, анализирање и проследување на разузнавачките податоци во Владата;
8. Увид во работата на разни органи во нивните специфични подрачја и обем на заедничката работа.

Хуверовата комисија и одборот не дале поголем придонес во контролата бидејќи изјавиле: „CIA како главен извор на разузнавачки податоци за државата мора да дејствува во областа на тајноста и со невообичаена постапка на слобода и независност, бидејќи не може да ги реализира своите цели ако биде подвргната на јавноста и на детални проверки". На овој заклучок, пред сѐ влијаеле следните фактори:

- Улогата на велесилите и соочување со идеолошко-воено-политичката биполарна поделба на светот;
- значењето на американската надворешна политика, по II светска војна;
- зачувувањето на врвот на американската власт и свеста за одлуката за автономноста на разузнавачкиот систем;
- организациската слабост на Конгресот поради разни интереси и групи во него;
- фактот дека извршната власт мора тајно да презема брзи мерки и тоа повеќе пати во име на националните интереси.

Од 1947 до 1973 година конгресмените поднеле 150 законски предлози за контрола над CIA, меѓутоа, ниту еден од нив не поминал низ двата дома во Конгресот. Големи промени настанале кога се откриени тајни акции на територијата на САД и под притисок на јавноста е формирана постојана истражна комисија за разузнавачката дејност на CIA и FBI, а тоа го направи и Белата куќа. Без оглед на сите надзорни механизми, целосната разузнавачка активност е сконцентрирана во рацете на претседателот на САД, неговите советодавни и координативни тела, организациски вградени во неговата извршна канцеларија, односно во Белата куќа. Собирањето на разузнавачки податоци е нужна и неизбежна улога на секоја модерна влада, но контролата врз разузнавачко-безбедносниот систем е најзначајна и најнеопходна, бидејќи неговото „осамостојување" може да доведе до негово „лудило" и целосно оттргнување од општествената контрола. Тогаш овие системи никому не му користат и се претвораат во најголема закана и за националната безбедност на сопствената држава.

**ЛИТЕРАТУРА**

1. Defence Management in Democratic Societes: The Route of executive Agencies, Headquarters, United States European Command, George C. Marshal, European Center for Security Studies, 15. April, 1996
2. GJA O'Toole: The Enciclopedia of Amerikan Intelligence and Espionage from the Revolutionary War to the Present, Fact on File, New York, Oxford, 1998, стр. 249.
3. The New Enciclopedia Britanica, kniga 21, 15 издание, Enciclopedia Britanica, Inc. Chikago, 1990, стр. 365
4. G. Yost: The CIA, Fact on File, New York, Oxford, 1983, стр. 6
5. John Ranelagh; The Agency - The Rise and Decline of the CIA, 2nd Edition, Simon & Schuster, New York, 1987, стр. 743-746.
6. J. Richelson: The U.S. Intelligence Community, 2 издание, Harper Business, New York, 1989, стр. 11-93, 127-140.
7. U. Marchetti. J. D. Marus: CIA in obvesovalne dejanosti, Mladinska knjiga, Ljubljana, 1976 стр. 369
8. Љ. Стајиќ, Ч. Гилановиќ, Основи безбедности, „Космос", Београд, 1994.
9. Обрен Ѓорѓевиќ, Основи државне безбедности, (општи део), Привредно-финансиски водич, Београд, 1995.

**SUMMARY**

Mitko KOTOVCEVSKI

The world's intelligence, espionage, counter-intelligence, and convert action programs may be said to follow three distinct organizational patterns: the American, the totalitarian (exemplified by the Communist regimes), and the British (parliamentary) systems. Similarities exist among them, yet distinctions are sharp. In the United States the Central Intelligence Agency continues to sit at corner of an elaborate complex of some dozen separate intelligence organizations. Each has a specific role and a carefully guarded area of operations. The director of central intelligence is both head of CIA and president's principal adviser. In the latter job the doctor theoretically coordinates all the separate intelligence units, setting their requirements, budgets, and operational assignments. In reality, many of the major units in the system - such as Defense Intelligence Agency and the huge National Security Agency / Central Security Service, both part of the Department of Defense - operate in quasi-independence. The national Security Agency, which engages in code making and code breaking, the science of cryptography, is much larger in staff size and budget than the CIA. The military maintains of major tactical intelligence capability to assist field commanders in making on-the-spot decision. Other major units in the US intelligence system include the State Department's Bureau of Investigation, and Drug Enforcement Administration of the Department of Justice. The US model influenced the intelligence structures of those countries where the United States was dominant at the end of World War II, such as West Germany (now part of the Federal Republic of Germany), Japan, South Korea, and Taiwan.